# КОМЕНТАР
# COMMENT

**Бр. 46**

Оваа публикација е произведена со поддршка од Меѓународното буџетско партнерство (IBP). IBP може да не се согласува или да не ги одобрува мислењата изразени во оваа публикација.



На економскиот дел од Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија за 2026 година

8. ноември 2026.

Европската Комисија го објави Извештајот за напредокот на Северна Македонија за 2026 година. Во економскиот дел, Извештајот нотира **ограничен и нерамномерен напредок**: фискалната консолидација повторно се одложува, јавните инвестиции се реализираат под планираното, а ценовните притисоци сè повеќе се одржуваат од домашни фактори. Во овој Коментар се осврнуваме на точките што ги сметаме за критични за макроекономската стабилност и за отстранувањето на структурните слабости на економијата.

1. Извештајот ја нагласува одложената фискална консолидација и влошувањето на структурата на јавните расходи во 2025 и 2026 година. Овие оцени се во линија со повеќе претходни анализи на Finance Think:

1.1. **Фискалната консолидација повторно се одложува.** Дефицитот од 4% од БДП во 2025 година е во рамките на планот, но тоа е постигнато во значителна мера преку недоволна реализација на капиталните расходи, додека приходите потфрлиле. Патеката кон дефицит од 3% е поместена од 2027 на 2028 година, а целта за 2026 година е зголемена од 3.5% на 4.1% од БДП. Оттука, **усогласеноста со годишната цел не треба да се меша со суштинска консолидација.** Во **ФТ Коментар бр. 44 за Фискалната стратегија 2027–2031** од 1. Јуни 2026. и **ФТ Коментар бр. 45 за ребалансот на Буџетот за 2026 година** од 6. Јули 2026., Finance Think веќе предупреди на повторливо поместување на консолидацијата и на слаба веродостојност на среднорочните фискални цели.

1.2. **Одложувањето на фискалните правила ја ослабува буџетската рамка.** Целосната

Finance Think – 2026 All rights reserved.

примена на Законот за буџети е поместена до 2028 година, ИТ-платформата за негово спроведување доцни, а Фискалниот совет нема доволно кадар и средства за независна анализа. Дополнително, фискалните податоци се нецелосни и не се составуваат според стандардите ESA 2010. Ова се слабости што ги идентификувавме во **Студијата за политиките 53: Фискална дисциплина и ефикасност на фискалните правила во Северна Македонија: патот кон одржливост** од 22. Ноември 2024. Паралелно, до јуни 2026 биле завршени само 22 од 136 чекори во Реформската агенда; нашиот **Аналитички извештај: Реформската агенда под лупа: Мониторинг на спроведувањето – Втор Ex-Post Мониторинг Извештај** ги следи ризиците од доцнење по области. *Не е доволно правилата и реформските обврски да постојат на хартија*: потребни се навремени и споредливи податоци, независен надзор и доследно спроведување.

**1.3. Структурата на расходите го стеснува просторот за развојни приоритети.** Ребалансот во декември ги намали планираните капитални расходи за 6.6%, а ги зголеми тековните за 3%, вклучително поради *повисоки плати и дополнителни линеарни зголемувања на пензиите*. Трошокот за пензии достигна 11.8% од БДП во 2025 година. Во **Студијата за политиките 61: Одржливост на пензискиот систем во Северна Македонија: фискални притисоци, демографско стареење и реформски сценарија до 2070** од 5. Октомври 2026., Finance Think покажа дека пензискиот дефицит веќе изнесува 5.2% од БДП и анализираше колку изборот на формула за усогласување влијае врз долгорочната одржливост. Затоа, *предвидливото усогласување според законски и економски параметри е суштинско за заштита и на пензионерите и на фискалниот простор*.

**1.4. Јавните инвестиции остануваат слаба алка на буџетското извршување.** Реализацијата на капиталните расходи достигнала само 64.6% од ребалансираниот план, односно 2.7% од БДП, а јавните инвестиции во фиксни средства во 2025 година биле пониски отколку во 2024 година. Задоцнувањето на транспортните проекти, вклучително и очекуваното поместување на завршувањето на Коридорите VIII и X до 2029 година, покажува дека проблемот не е само во висината на планираните средства. Во **ФТ Коментар бр. 44 за Фискалната стратегија 2027–2031**, укажавме дека амбициозните капитални проекции не се доволни кога управувањето со јавните инвестиции, изборот и подготвеноста на проектите и

Finance Think – 2026 All rights reserved.

нивното спроведување не обезбедуваат реализација.

2. **Инфлациските притисок сè повеќе има и домашна компонента.** Извештајот бележи дека и по повлекувањето на дел од надворешните притисоци, базичната инфлација остана висока, под влијание на растот на платите и експанзивната фискална политика. Во **ФТ Став бр. 67 за минималната плата, продуктивноста, инфлацијата и неформалното вработување** од 18. Февруари 2026. и во последниот **Макроекономскиот монитор 15(2)**, Finance Think укажа дека *растот на доходите и потрошувачката, кога не е придружен со соодветен раст на продуктивноста и понудата, го отежнува трајното смирување на цените*. При фиксниот девизен курс, фискалната политика има значајна стабилизациска улога; затоа, зголемувањата на тековните расходи треба да се оценуваат и според нивниот ефект врз побарувачката и инфлацијата.

3. **Повторувањето на ограничувањата на цените не ги отстранува причините за поскапувањата.** Извештајот посочува дека *контролите врз цените на храната немале значаен ефект врз инфлацијата*, а истовремено ги откриле слабостите во спроведувањето и надзорот. Ова се совпаѓа со наодите во **Брифот за политиките бр. 71: Има ли ефект од мерките за ограничување на цените на храната?** и **ФТ Став бр. 66 за движењата кај цените**: ефектот од замрзнувањата е краткорочен и во голема мера реверзибилен, со пад на цените за време на мерката и раст по нејзиното истекување. Наместо повторување на широки контроли, потребни се *ефективна конкуренција, надзор и таргетирана поддршка за ранливите домаќинства*.

4. **Формализацијата на неформалната економија бара системски пристап.** Неформалното вработување достигна 14.5% во вториот квартал од 2026 година, додека спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план за формализација значително доцни. Во **Студијата за политиките 50: Грануларно испитување на неформалната економија во Северна Македонија** ги анализиравме непријавените работници, непријавената работа и нецелосното пријавување доход. **Макроекономскиот монитор 15(2)** повторно регистрираше високо неформално вработување. Наодите на Комисијата ја потврдуваат потребата од *координирани мерки, јасна одговорност меѓу институциите и следење на резултатите*, наместо формално усвојување стратегии без нивно доследно спроведување.

5. **Државната помош останува недоволно транспарентна и контролирана.** Извештајот нотира голем број нетранспарентни шеми, ограничени овластувања и капацитети на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и ново одложување на ажурирањето на регистарот за државна помош. Ова е во линија со нашиот **Бриф за политиките 81: Променливата архитектура на државната помош во Западниот Балкан** од јули 2026. Без целосен и редовно ажуриран регистар, јасни критериуми и институција со доволно независност

Finance Think – 2026 All rights reserved.

и ресурси, тешко може да се оцени дали јавните средства ја подобруваат продуктивноста или само ја нарушуваат конкуренцијата.

Во поширокиот економски дел, Извештајот повторно ги нотира долгогодишните **пречки во човечкиот капитал, инфраструктурата и продуктивноста**. Брзиот раст поттикнат од потрошувачка, кредитирање и јавна побарувачка не може да обезбеди побрзо приближување кон доходот на ЕУ без подобро подготвени и реализирани јавни инвестиции, поквалитетни работни места и повисока продуктивност. Овие прашања се присутни во нашите макроекономски монитори и во анализите на јавните финансии.

Севкупно, Извештајот ја оценува фискалната политика не само преку големината на дефицитот, туку и преку неговата структура, одложувањето на правилата и ограниченият капацитет за реализација на инвестициите и реформите. **Во повеќе области, овие наоди се совпаѓаат со предупредувања и емпириски анализи што Finance Think ги објавуваше пред Извештајот.** Тоа ја нагласува потребата мерките што ги најавуваат институциите да се преточат во спроведување, транспарентни податоци и одговорност за резултатите.

Finance Think – 2026 All rights reserved.